

..И по кој знае кој пат падна анатема врз питомиот ,работлив и чесен човек- македонец ?. Што проклетство и грев ќе беше тоа- македонското, Македонец , за тие намачени души ,вековни страдалници?

**..Беше лето, 20 јуни (стар стил) 1913.**

Осамна Кукуш во пламен и сардисан од грчката тешка артилерија. Осамнаа запалени и околу 40 села.
Лелек што непрестанува од куќа до куќа,преку полиња ,по селата, по целата кукушка околија . Пламен, грабеж, убивање -да се уништи сѐ што е Македонско. Каде? Со што и со кого ? Ужас, безпаќе!
Напуштени огништа ,река бегалци преку граница во соседните земји. Разделени семејства , расеани корени, како за накратко, бегајќи од неволја а останаа да живеат засекогаш далеку од своите родни места. Останаа далеку, само со мислата и надежта дека ќе се вратат ,од кое и денес како досетка останатло , да се дигне мало дете во рацете свртено кон Беласица и да му се рече: “Еве гледаш, гледај убаво и Солун ќе го видеш“. Вербата во враќањето назад траела години и години.
Дури после 13 години од населувањето во с. Секирник , донеле одлука за изградба на своја црква- целосно изградена во периодот 1926-1930 ,со придонес од месното население и од собраните средства од игрите на Русалиите.
Црквата Св “Богородица“ во с. Секирник и ден денес постои и заедно со Русалиите се белег , гордост,дух и жива историја за месното население .

**Русалиите- Вистина, историја која не се чита а се гледа , се доживува и осознава.**

Онаа што не можеше да се изгори, да се одземе или преименува , онаа што останува кога сѐ се сече - коренот , духот културата , традицијата ... продолжува ,постои , го негуваме- Русалии.

**Древен обичај од Јужна Македонија**

Русалиските игри и обичаи се одржувале во зимскиот период, ,односно од Првиот ден на Божик до Водици - Богојавление, или познати како дванаесетте некрстени денови, бидејќи се верувало дека во некрстените денови владеат нечисти сили , зли духови, самовили, караконџули, вештерки што шетаат по куќите и им нанаесуват зло на луѓето.
Посебно во овој период се чуват жените -леунки,
како релација со леунството на самата мајка Богородица ,која и самата била леунка во тој период.
Мисијата на Русалиите е да одејќи со своите чети по населените места од куќа во куќа, ги избркат тие зли сили.



**Русалиите** според некои толкувања датираат од паганско време, но и со премногу елементи од христијанството ,преку симболиката прикажана во вкрстувањето на кал´чките , начинот на облекување на двете црвени шамии и шарата на калчуните.
За време на Османлиското царство ,иако наметнато да облекуваат костими или делови од облека кои ќ е асоцираат на нешто муслиманско (чалма), Русалиите го запазувале својот идентитет на христијани ,со тоа што ставале крст со свежа крв од некое животно или петел на челото или на калчуните.

**Име**
Застануваме на две верзии кои го објаснуват името.
Според П.Ј.Шафурич , зборот Русалии или Русалки е од словенско потекло и означува почитувани женски лица, кои се сметани за Божици на потоците и реките.
Според легендите од кукушко - гевгелискиот крај , каде што се најзастапени овие игри од минатото сѐ до денес,
Вера Кличкова забележува дека, името Русалии дошло од трагичната приказна за двајца млади , спрема која девојката го заљубила момчето кога тој ја украл Црвенета роза-трендафил од градината на девојката, па бидејќи родителите на девојката биле против таа љубов, тие двајцата се удавиле во езеро наречено - Вирот.

**Кореографија-**
Русалиските дружини ,или таканаречени чети, се состојат од десет, дваесет или триесет двојки.
Се движат по двајца, а се како едно тело , две нозе , две раце.
Хиерархијата и дисциплината во Русалиските дружини е Закон , според кој :
Напред одат Балјтаџијата и Кесаџијата . Орото го заводува - Танчарот - јузбашија.
Паралелно покрај дружината одат двајцата чауши, еден напред на колоната , еден назад и уште двајца до четворица слуги и еден гласник.
Балтаџијата во десната рака носи секира(балтија) а сите други носат кал´чки ( кољачки) и ги држат исправени нагоре.
Мисијата на Русалиите е да одејќи со своите чети по населените места од куќа во куќа ,ги избркат тие зли сили.
Заради светоста и важноста на мисијата ,нивното заминување е чин на збогување со најблиските ,па следува благослов од попот со попрскување со света вода и бакнување на крстот.
Дисциплината е на највисоко ниво, со единствено дозволена комуникација само меѓу Балтаџијата, кесаџијата и двајцата чауши.
За време на целата мисија , телесната и духовна очистеност на играорците е задолжителна.
Влезот во некое населено место е со претходно одобрување од месниот поглавар или кметот ,преку гласникот месното население ги пречекуваат

# Русалии



Русалиите со сите почести и гордост што ја имат можноста да ги угостат и да играт во нивните дворови и куќи, посебно тие што ја имале можноста да примат дел од Русалиите на ноќевање. Во куќа каде има некој болен , тројца од играорците влегуват и играат околу болниот замавнувајќи со сабјите и вкрстувајќи ги за да ја истерат болеста.
Ако тое е болно дете , тоа се зема во раце и се изнесува надвор и целиот ритуал се повторува.
Во текот на мисијата ,ако се случи да се сретнат две русалиски групи , помалубројната треба да се покори и помине под калчките н а побројната.
По завршувањето на 12 дневната мисија , се враќат назад во своите родни места .Најпрво се упатуват во локалната црква ,каде биват пречекани од своите најблиски со радост и одушевување.
Следува предавање на сите дарови , материјални добра и пари добиени за време на мисијата и нивно поклонување на црквата .
За нив тие не зачувуват ништо.
Со чинот на влегување во црквата со калчките исправени нагоре и, добивањето молитва и причеста од попот и излегувањето од црквата со калчките надолу , симболично се означува крајот на мисијата , и дури оттогаш можат да се соберат заедно, да седнат на трпеза и да прераскажат за сите збиднувања на нивната мисија.



Секирник се наоѓа на 12 км источно од Струмица,на тромеѓието помеѓу Р. Бугарија и Р.Грција, распространето во питомата и екстремно плодна струмичка котлина(220 м надморска виочина) ,помеѓу планините Беласица и Огражден.
Со околу 300 кукји и 1.200 жители ,урбано уредена средина Секирник е значаен дел од овој регион.
Населението се занимава со земјоделие а школуваниот кадар се вработува во градот Струмица .
**Но неговиот основен белег е тоа дека Секирник е значаен историски, духовен и материјален споменик на Егзодусите од 1913 година (најмногу токму преку Русалиите).**



# Jedinstveno i neponovljivo

Smotra u Zagrebu, Zagreb na Smotri, ugođaj za koji mnogi kažu da je jedinstven u svijetu, neponovljiv ponavlja se ovog tjedna po šesti put. Međunarodna smotra folklora jedina je u svijetu, kažu etnolozi po tome što gaji izvoran, nekoreografiran i »nefriziran« folklor. Zbog toga, nastupiti u Zagrebu znači priznanje za izvođače jer je ime Smotre poznato i izvan granica naše zemlje. Poglavito će to biti slijedeće godine kada će program, u čast 400. obljetnice Seljačke bune, biti posebno bogat i raznolik. Nešto od tog bogatstva i raznolikosti zabilježili smo jučer na ulicama Zagreba.



Ovi »mladići od 60 godina«, kako za sebe kažu, vole ples. Ipak, ovo im je zadnji nastup. Kada se vrate u rodni Sekirnik (SR Makedonija), nošnje će pokloniti Radničkom sveučilištu u obližnjoj Strumici.

Загреб 1971 г.



Секирник 1952 г.



Струмица 1967 г.



1967 г.



Црква - Секирник 1976 г.



средба во среда 1966 г.



Дојран 2001 г.

Голема благодарност до:
Градоначалникот на Општина Босилово г-дин Љупчо Колев и
Советот на Општина Босилово